Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-29/3
29.7.2025, Скопје

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA III/2024/460-717 од 25.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 6/2025
за ангажирање на експерти за изработка на два онлајн курсеви

1. Институтот за човекови права, во рамките на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2025" (финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2023), има потреба од **ангажирање на експерти за изработка на два онлајн курсеви за меѓународните механизми за известување на Обединетите Нации и Советот на Европа**, кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на услугата:
   - Изработка на поглавја и лекции за курсот и
   - Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори).

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 6/2025.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во периодот од август до ноември 2025.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 6/2025.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- CV со фокус на потребната квалификација и искуство со механизмите на известување на Обединетите Нации и/или Советот на Европа.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Опис на услугата	Цена во бруто износ
Еден експертски ден	

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **14.8.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **12.8.2025 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права

Марија Чекреџи,
Институт за човекови права